РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА КУЛТУРА
-ДОМ НА МЛАДИ-
Бр. 0401-130/24
23. 09 2026 год.
ШТИП

Врз основа на член 77 – ж од Законот за Култура (“Службен весник на РМ” бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 21 став 1 од Законот за вработените во јавен сектор (“Службен весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 143/19), член 21 и 23 точка 4 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” бр. 167/15, 27/16, 120/18 и “Службен весник на РСМ” бр. 110/19),в.д. директорот донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗБОР НА РАБОТНИК ПО ОБЈАВЕН ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР.01/2026 ОД 10.08.2026 ГОДИНА

1.По јавниот оглас за вработување на неопределено време бр.01/2026 година во Општинска установа за култура „ Дом на Млади “- Штип за (1) еден извршител - Друг одговорен сценски работник во помошно –техничка служба, помошно –технички лица од областа на културата, шифра на работно место КУЛ 04 01 А02 007 објавен во дневните весници „Нова Македонија“, “Вечер” и “Коха” и тоа за работно место: Друг одговорен сценски работник во помошно –техничка служба, помошно –технички лица од областа на културата, (1) еден извршител ,од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- За работно место Друг одговорен сценски работник во помошно –техничка служба помошно –технички лица од областа на културата, шифра на работно место КУЛ 04 01 А02 007 се избира:

  - Венцо Наков

2.Со избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука да се склучи договор за вработување на неопределено работно време по конечноста на одлуката.
3.Со Одлуката за избор на кандидат за прием по објавениот оглас да се известат кандидатите кои се пријавиле на огласот.
4.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Во дневните весници „Нова Македонија“, “Вечер” и “Коха” беше објавен јавен оглас за вработување на неопределено време бр. 01/2026 на 10.08.2026 година за вработување на (1)еден извршител - Друг одговорен сценски работник во помошно –техничка служба помошно –технички лица од областа на културата, шифра на работно место КУЛ 04 01 А02 007 .

Во врска со горе наведениот оглас комисијата за спроведување на постапката за вработување, формирана со Решение бр. 0204-130/9 од 09.09.2026 по спроведената постапка за селекција на ден 14.09.2026 година година и 18.09.2026 година ги разгледа поднесените пријави на кандидатите. Сите кандидати со уредна документација беа повикани на интервју на ден 18.09.2026 година во просториите на ОУК „Дом на Млади" - Штип.

По извршената административна селекција и интервјуто, Комисијата изготви Записник од извршена административна селекција на пријавените кандидати бр.0302-130/16 од 14.09.2026 година, Записник од административна селекција, бодување со архивски бр 0401-130/20 од 18.09.2026 година, Записник од спроведено интервју со кандидатите кои ја поминале административната слекција бр. 0401-130/2 од 18.09.2026 година

Ранг листа на кандидатите по јавен оглас за вработување на неопределено време бр.01/2026 со архивски бр 0401-130/22 од 18.09.2026година и Предлог листа за избор на кандидат за вработување по јавен оглас за вработување на неопределено време бр.01/2026 со архивски бр. 0401-130/23 од 18.09.2026год. за горенаведеното место и истата беше доставена до директорот.

Директорот за горенаведеното 1 (едно) работно место изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точка 1 на оваа одлука ќе засноваат работен однос во ОУК „Дом на Млади" - Штип со потпишување на договорт за вработување, по конечноста на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор при ОУК „Дом на Млади" - Штип**.

ОУК „ Дом на Млади " – Штип

в.д. Директор

Киро Денов